Врз основа на член 22, став 1, точка 2 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник“ на Република Македонија бр.5/2002), а во врска со Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на екологијата и енергетската ефикасност за 2023 година („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.25/2022), Едногодишниот краток Акционен план за спроведување на мерки и активности дефинирани со ЛЕАП 2 (Локален Еколошки Акционен План) за 2023 година бр.09-3984/5 од 17.05.2023 година („Службен гласник на Општина Карпош” бр. 09/2023) и Решението за формирање на Комисија за избор на изготвувач и реализатор на проект од областа екологијата и енергетската ефикасност и Едногодишниот краток Акционен план за спроведување на мерки и активности дефинирани со ЛЕАП 2 за 2023 година бр.11-6822/1 од 29.09.2023 година, Комисијата објавува:

**ЈАВЕН ПОВИК**
**за изготвување и реализација на проекти од областа на животната средина и природата и енергетската ефикасност**

Средствата од Буџетот на Општина Карпош наменети за реализација на Едногодишниот краток Акционен план за спроведување на мерки и активности дефинирани со ЛЕАП 2 за 2023 година, се распределуваат за следната тема:

1. **Подигнување на јавна свест за потребата од примарна селекција и рециклирање преку иницирање на проекти со граѓански организации** (200.000,00 денари)

| |
|---|
| Предлог проектот да се состои од:<br>▪ Реализација на јавна кампања<br>▪ Изработка на промотивен материјал за начинот на селекција на отпадот и материјалите кои се рециклираат и нивната вредност како секундарни суровини<br>▪ Избор на материјал за кој постојат изводливи технички решенија за сепарирано собирање и третман<br>▪ Дефинирање на проектна задача<br>▪ Реализација на проектот (во соработка со преработувачите на материјали кои се рециклираат и /или крајни корисници) |

Распределбата на средствата од Буџетот на Општина Карпош, Сектор за екологија и енергетска ефикасност, наменети за финансирање на програмски активности на

здруженијата и фондациите ќе се врши врз основа на критериумите и приоритетите дадени во овој повик.

Средствата од Буџетот на Општина Карпош ќе се користат за финансирање на програмскиот дел на Секторот за екологија и енергетска ефикасност, преку реализација на активности на здруженија и фондации.

Здруженијата треба да понудат креативен и ефикасен проект со осмислени активности и содржини што можат да се имплементираат во Општина Карпош во приоритетната област за екологија и заштита на животната средина.

**Предвидени средства**
За финансирање на понудената програмска активност во согласност со овој повик, ќе се користат средства од Буџетот на Општина Карпош во вкупна висина од 200.000,00 денари.

**Основни критериуми**
Основни критериуми што треба да ги исполнуваат здруженијата и фондациите кои ќе учествуваат на овој повик се:

- Да се регистрирани според Законот за здруженија и фондации најмалку една година пред објавување на огласот;
- Да се занимаваат со активности и проекти од јавен интерес посебно од областа на екологијата и заштитата на животната средина;
- Работењето и дејствувањето да е насочено кон пошироката јавност и кон интересите на заедницата, во корелација со статутот и програмските активности на здружението;
- Да не добиле средства или поднеле барање до друг орган на државната управа или други извори на финансирање за исти проекти/активности за кои поднесуваат барање, а што би значело двојно финансирање на истите проекти/активности од различни извори.

**Потребна документација што здружението треба да ја достави со Предлог проектот**

Здруженијата на граѓани кои учествуваат на огласот треба да достават:

1. Предлог проект
2. Реализацијата на предлог проектот да биде во рок од најмногу 40 дена од потпишување на договорот
3. Заверена изјава за број на лица во спроведување на предлог проектот
4. Предлог за финансиска поддршка во соодветен формат
5. Копија од статут и решение за регистрација на здружението или фондацијата /или извод од Централен регистер (не постар од шест месеци)
6. Извештај за работа за претходната година

7. Референтна листа за изработени проекти (искуство со проекти во локалната самоуправа ќе се смета за предност)

**Напомена: Пријавите со непотполна документација или пријавите доставени по истекот на предвидениот рок нема да се разгледуваат.**

<u>Рок и начин на доставување на пријавите</u>
Рокот за поднесување на пријавите е 10 (десет) дена од денот на објавување на јавниот повик.

Пријавата со целокупната документација да се достави преку пошта или на адреса: ул. Радика бр.9 (барака 2-архива) од 07:30 до 15:30 часот.

Здруженијата на граѓани, кои се учесници на јавниот повик, ќе бидат известени за резултатите по објавувањето на одлуката за распределба на средствата во "Службен Гласник на Општина Карпош".

<u>Доставување извештај</u>
Здружението на граѓани на кое ќе му бидат доделени средства во согласност со Едногодишниот краток Акционен план за спроведување на мерки и активности дефинирани со ЛЕАП 2 за 2023 година, по завршувањето на своите програмски активности ќе достави извештај за користење на средствата до Секторот за екологија и енергетска ефикасност на Општина Карпош.

ОПШТИНА КАРПОШ
**Комисија за избор на изготвувач и реализатор**
**на проект од областа екологијата и енергетската ефикасност**
**и Едногодишниот краток Акционен план за спроведување**
**на мерки и активности дефинирани со ЛЕАП 2 за 2023 година**